Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 24.03.2021

На 23.03.2021 во 11.30 часот на крстосница „Богородица" на регионалниот пат Гевгелија–Богданци, од страна полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје и Полициската станица Гевгелија биле лишени од слобода Н.М.(33) и И.М. (48), двајцата од Гевгелија и Ѓ.Т.(46) од Богданци. Имено, при контрола кај Н.М. и И.М. бил пронајден и одземен хероин, кој претходно го набавиле во Богданци, додека со судска наредба, при претрес на дом и помошни простории во Богданци, кои ги користи Ѓ.Т., биле пронајдени и одземени хероин, две дигитални ваги со остатоци од хероин, марихуана, 37 семки Canabis Sativa, пари за кои постои основано сомнение дека потекнуваат од извршеното кривично дело, разни предмети со остатоци од хероин и средства за употреба на опојна дрога. Лицата се приведени во полициска станица, а во координација со Јавен обвинител ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.03.2021 во 21.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Драчево го лишиле од слобода Д.А.(37) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.03.2021 во 12.55 часот, К.Р.(63) од Гостивар во СВР Тетово пријавил дека на ул. „Видоја Смилевски-Бато" во Тетово бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар на 23.03.2021 до Основното јавно обвинителство Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Д.(20) и К.Д.(22) од Република Албанија, поради основи на сомнение дека сториле кривично дело „тешка кражба" казниво по член 236 од Кривичниот законик. Тие се сомничат дека во февруари и март годинава извршиле две тешки кражби во куќи и притоа одзеле поголем број разни предмети. Б.Д. и К.Ј. вчера попладне биле изведени пред судија во претходна постапка на Основниот суд Гостивар, кој им определил мерка притвор и околу 22.30 часот биле спроведени во Казнено-поправната установа Затвор „Скопје" во Скопје, додека предметите што ги украле им биле вратени на нивните сопственици.

На 23.03.2021 Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип, на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три Чешми до клучка Преод), спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени 9 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 23.03.2021 во 12.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.О.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„Црниче" била каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.М.(62) од Скопје и две правни лица од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторени три кривични дела „незаконита експолатација на минерални суровини". На 26.02.2021 во Скопје, на локација на поранешен рудник за минерални суровини во месноста „Катлановска Брезница", во општина Петровец, Д.М. преку правните лица организирал ископ и транспорт на минерална суровина, при што со работна машина багер-ровокопач било ископано поголемо количество на минерална суровина - мешавина од доломитизиран варовник и кварцит.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против К.Б.(57) од Скопје и против правно лице од Струга, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во период од март до јуни 2019, К.Б. како одговорно лице и управител на правното лице, на локација во КО Струга, без соодветно одобрение, започнал градба на дел од хотелски комплекс. Од извршениот инспекциски надзор донесено е Решение за отстранување на изграденият хотелскиот комплекс.

СВР Скопје, поднесе шест кривични пријави против осум сторители В.И.(37), Д.Т.(31), Б.Б. (23), Р.Б.(49), А.М.(37), Н.Ј.(34), Ф.М.(38) и Л.М.(35), сите од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторени шест кривични дела „запуштање и малтретирање на дете ". На 23.12.2020, 04.02.2021 и во три случаи на 09.02.2021, на бул.„Св. Климент Охридски", бул. „Партизански одреди" и бул.„Крсте Мисирков",децата на пријавените биле затекнати како питачат.

На 23.03.2021 околу 16.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека во двор на училиште во с.Ново Село, струмичко, каде била поставена цистерна за гориво кое се користи за греење, настанал пожар. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица Струмица. Повредени лица нема. Извршен е увид од увидна екипа и инспектор од Дирекција за заштита и спсување

На 23.03.2021 во 22.00 часот Д.Г.(41) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од В.П.(31) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.Р.(30) од Куманово, сопственик на угостителски објект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 13.01.2021 во 19.05 часот во Куманово, од полициски службеници од СВР Куманово, при извршена контрола на угостителски објект било констатирано дека објектот работи по пропишаното работно време и во него биле затекнати Ф.Р и девет лица гости, спротивно на мерката на Владата за ограничување на работното време на угостителските објекти до 18.00 часот.

На 23.03.2021 во 21.18 часот Љ.М.(43) од Тетово пријавил дека во с.Сарај, скопско, бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.03.2021 во 12.25 часот во СВР Штип било пријавено дека околу 09.00 часот во куќа на ул.„5 Партиска конференција" во Штип настанала експлозија на плинска боца, при што со повреди се здобиле Р.Г.(67), Д.Г.(43) и малолетник, констатирани во Клиничката болница Штип. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Штип.

Регионален центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против М.Д.(27) од с.Панчарево, пехчевско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 01.09.2020 околу 23.30 часот, во местото „Сарево", кое е дел од ловиште за крупен дивеч „Сарево", во атарот на с.Панчарево, од полициски службеници од Полициска станица Делчево бил затекнат М.Д., за време на забрана за лов за секаков вид дивеч, со ловечка пушка „Застава" ИЖ 58 калибар 16мм во рамката, со патрони 16мм, за кои не поседувал дозвола.

На 23.03.2021 околу 06.35 часот во СВР Битола, В.Т. пријавил дека на 22.03.2021 околу 22.45 часот од казино во Битола, непознат сторител одзел два сефа со пари. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.03.2021 околу 11.05 часот во СВР Скопје е пријавено дека на ул.„Димитрија Чуповски" во Скопје, во стан сопственост на В.К.(64), настанал пожар при што биле опожарени три простории. Повредени лица нема, пожарот е изгаснат од Противпожарната единица Скопје и извршен е увид.

На 23.03.2021 во 08.30 часот во СВР Скопје од Итна медициска помош е пријавено дека на ул.„Џон Кенеди" во Скопје бил пронајден починат М.Л.(42) од Скопје. Од лекар од Итна медициска помош била констатирана смрт. Извршен е увид на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото е дадено на обдукција во Институтот за судска медицина.

На 23.03.2021 во 08.05 часот во Полициска станица Гази Баба од Итната медициска помош е пријавено дека во куќа на ул.„Зендел Џемаил" има починато бебе. Извршен е увид на местото на настанот од полициски службеници од Полициска станица Гази Баба, при што било констатирано дека станува збор за починато двомесечно бебе, од малолетна мајка од Скопје. Од лекар од Итна медициска помош била констатирана смрт, а по наредба на Јавен обвинител телото на бебето е предадено за обдукција во Институтот за судска медицина.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.С.(20), со живеалиште во Р.Словенија и Б.М.(20) од с.Слупачане, кумановско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело ,,насилство". На 23.02.2021 околу 15.00 часот, во близина на сендвичарница во Куманово, Е.Е.(19) од с.Ваксинце, кумановско, бил физички нападнат од пријавените.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против П.Р.(31) и Д.Р.(34), двајцата од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, на 14.03.2021 во 00.40 часот, постапиле спротивно на мерките и препораките за забрана на движење во временскиот период од 22.00 до 05.00 часот и од полициски службеници од ОВР Делчево биле забележани на место викано „Чуката".

СВР Скопје, поднесе кривична пријава против А.С.(18) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 12.01.2021 околу 21.30 часот, 17-годишник во трговски центар на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат и повреден со остар предмет од пријавениот.

На 23.03.2021 во 20.39 часот во СВР Скопје, Р.С.(64) пријавил дека пред неговиот стан на ул.„Франклин Рузвелт", од страна на сосетката Н.У. било пронајдено плико во кое, според пријавеното, имало шок бомба. Извршен е увид од полициски службеници од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.